**ОГЛАС**

Датум на објава: 01.06.2020 година

**Рурална Коалиција Куманово**, во рамките на проектот "Ковид 19 и гласот на жената од руралната средина ", објавува оглас за избор на физичко **лице/правно лице** за монтажа на снимени аматерски видео пораки согласно целите и потребите на проектот.

Имено, во рамките на проектот предвидено е да се прикаже животот на жената во руралната средина и справувањето со предизвиците кои што со себе ги донесе кризата предизвикана од вирусот Ковид 19, а која што особено се одрази на продлабочување на родовиот јаз како во урбаните, така и во руралните средини.

Физичкото лице или правното лице треба да има искуство во обработката на видео материјали и нивна соодветна монтажа и финална визуелизација. На лицето ќе му бидат доставени аматерски видео пораки кои што потоа треба да ги обработи во соодветен формат за широка употреба согласно насоките добиени од организацијата. Предвидено е видеото да трае 2-3 минути.

Крајниот резултат кој што треба да се постигне во рамките на проектот:

***Изработено 1 интерактивно видео на тема Руралната жена и Ковид 19***

Кандидатите кои што се заинтересирани за повикот треба да доставаат финансиска понуда најдоцна до **10 јуни 2020 година во електронска форма** на следнава e-mail адреса: rkoalicija@gmail.com

*Проектот* "Ковид 19 и гласот на жената од руралната средина" *е финансиски поддржан во рамките на програмата на Цивика Мобилитас.*

РУРАЛНА КОАЛИЦИЈА - Куманово
🖂 село Режановце, 1300 Куманово, и ул. Орце Николов 29/6, 1000 Скопје
◇ ☏ 078 303-735; e-mail: rkoalicija@gmail.com; web: www.rural.mk ◇